Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 09-111/1
03-03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Образец бр. 3

# ОБРАЗЕЦ ЗА НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ

| | |
|---|---|
| Установа/Корисник | НУ „Природонаучен музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје |
| Име и презиме на раководното лице | |
| Име и презиме на носителот на проектот | М-р Оливера Матевска |

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | Детерминација и евиденција на палеоботаничката колекција од палеонтолошкото депо |
| Договор (број) | 31-5155/1, од 19.04.2019 |

| | |
|---|---|
| Вид на проектот[1] | Детерминација, евиденција и заштита на музејските материјали од природното наследство |
| Место на реализација на проектот | Просториите на Музејот |
| Општина | |
| ЕМБ на доброто | |
| Културна припадност/датација | |
| Катастарски податоци[2] | |
| Географски координати[3] | |

| Статус на заштита | Матичен/регистарски број |
|---|---|
| Евидентирано добро | |
| Заштитено добро | |

| Број на ангажирани лица за реализација на проектот[4] | 3 |
|---|---|
| Стручен тим | М-р Оливера Матевска – кустос советник, м-р Биљана Гаревска – виш кустос |
| Вработени | М-р Оливера Матевска – кустос советник, м-р Биљана Гаревска – виш кустос |
| Надворешни соработници | Проф. Д-р Владимир Бозуков (ИБЕИ, БАН – Софија) |

| | |
|---|---|
| Дозвола/Конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство (број и датум) | |

| Обем на реализација на проектот |
|---|
| Овој проект се реализираше во периодот од 12 до 16 октомври 2020 година. |

| Опис на реализација на проект |
|---|
| Врз основа на извршената ревизија на музејскиот материјал во 2017 година, констатирано е дека во палеонтолошкото депо има 206 примероци од фосилната флора (палеоботанички материјал) |

[1] Треба да се наведе дали се работи за истражување од областа на археологијата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата, природонауката; валоризација/ревалоризација непосредна заштита; тековно одржување; промоција и полуларизација на културното наследство; мерки за заштита на нематеријалното културно наследство; издавачка дејност; збогатување на книжен фонд, откуп на музејски материјал, набавка на библиотечен материјал, дигитализација на културното наследство; професионална едукација во библиотечната дејност; членарина на Инфомацискиот систем COBISS.MK; одржување и набавка на компјутерска и друга опрема за COBISS.MK; стручна обработка на публикации, работилници и друго.

[2] Се однесува на заштита на недвижно културно наследство.

[3] Се однесува на заштита на недвижно културно наследство.

[4] Да се именуваат членовите на тимот и нивните работни задачи.

кои се сместени во 12 гајби. Материјалите потекнуваат од различни локалитети за кои постојат податоци. Примероците уредно се сместени во плакар во депото, но не беа детерминирани и евидентирани во музејската електронска евиденција.

Поради потребата материјалот да биде стручно обработен, а во музејот и нашата држава нема експерти од оваа проблематика, Директорот на музејот г-дин Дритон Сулејмани направи договор за соработка со Директорот д-р Анна Ганева на ИБЕИ-БАН (Институт за биоразнообразие и екосистемски истражувања) од Софија. ИБЕИ-БАН има стручно лице кое ни овозможи детерминација на колекционираниот материјал.

За реализацијата беше поканет д-р Владимир Бозуков (експерт од областа) од институтот во Софија, со цел да се детерминира колекцијата до најниско таксономско ниво и истата да се евидентира во влезната и инвентарната електронска книга на музејот што е всушност и главна цел на овој проект.

Како резултат на овој проект од страна на д-р Бозуков се детерминирани до најниско таксономско ниво 135 примероци со палеоботанички материјал. Останатиот материјал не беше соодветен за детерминација, односно глинените плочки во најголем дел беа празни, искршени и дел беа без локалитет (истите се отстранети од колекцијата). Детерминираните фосилни растенија се сместени во ексел табела и поделени се по локалитети (Витолиште, Осломеј, Судиќ и Суводол), за истите е направена и фотодокументација.

## Избор од релевантна техничка и фотодокументација



## Заклучни согледувања и прилози

Како дел од договорот со Д-р Бозуков од ИБЕИ, БАН – Софија, детерминираните палеоботанички видови оваа година ќе ги публикуваме во форма на каталог во новиот број на музејското списание АСТА.

ЗАБЕЛЕШКИ!
Полињата во табелата се флексибилни и се приспособуваат во зависност од обемот на текстот.
Образецот го пополнува раководителот на проектот

| Подготви, | | Раководно лице, |
|---|---|---|
| М-р Оливера Матевска – кустос советник | | д-р Весна Сидоровска |
| О. Матевска | м.п. | В. Сидоровска |
| Име, презиме и потпис | | Име, презиме и потпис |